**20150441613**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 март 2015 година.

Бр. 08 - 1286/1
16 март 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Член 1

Во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 и 42/14) во членот 5 став (1) во точката 10- а) зборовите: „листа на показатели“ се заменува со зборовите: „Книга на параметри за животна средина“.

Во точката 22) зборовите: „(фугитивна емисија)“ се бришат.

Член 2

Во членот 40 во ставот (4) зборовите: „листа на показатели “ се заменуваат со зборовите: „Книга на параметри за животна средина “.

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Националната книга на параметри за животна средина од ставот (4) на овој член ја донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Националната книга на параметри за животна средина особено ги содржи називите на тематските целини, назив на индикаторите и поврзаноста со усвоените национални индикатори, дефиниции и поврзаност на параметрите со регулативата, класификација согласно движечки сили, притисок, состојба, импликации и реакции, степен на приоритет, методологија за пресметување, единечна мерка, начин на претставување, извор и сет на податоци и честота на собирање, обврска за известување, достапност на податоци, начин на доставување на податоци и краен рок за доставување на податоците поврзани со параметрите за животна средина“.

Ставот (5) станува став (6).

Член 3

Во членот 52 ставот (2) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на својата веб страна објавува и одржува листа на субјекти кои поседуваат или за кои се поседуваат информации кои се однесуваат на животната средина. Во листата се определуваат и информациите кои ги поседува секој од наведените субјекти“.

Член 4

Во членот 147-а став (1) во првата реченица зборовите: „и достави план за спречување на хаварии до органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите: „план за спречување на хаварии “.

Во ставот (3) зборовите: „да го достави до органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите: „да го подготви“.

Во ставот (4) втората реченица се брише.

Ставот (5) се брише.

Ставот (6) станува став (5).

Член 5

Во членот 162 во ставот (4) зборовите: „179, 181, 182, 184 и 185 “ се заменуваат со зборовите: „179, 182, 184 и 185-а“.

Член 6

Во членот 164 став (2) алинејата 1 се менува и гласи:

„категоријата, годината на производство, носивоста и/или зафатнината и јачината на моторот, како и видот на погонот за моторни возила односно врз основа на висината на основното осигурување за пловните објекти“

Ставот (3) се брише.

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 7

Во членот 167 ставот (4) се менува и гласи:

„Против решението од ставот (2) на овој член може да се изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Член 8

Членот 168 се брише.

Член 9

Во членот 171 ставот (1) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да води евиденција на обврзниците за плаќање на надоместоци од членот 179 ставови (1), (2), (3), (4) и (5) и членот 182 од овој закон“.

Член 10

Во членот 179 ставот (3) се брише.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (3) и (4).



www.pravdiko.mk

Ставот(6) се брише.

Ставовите (7),(8),(9) и (10) стануваат ставови (5),(6),(7) и (8).

Ставот (11) се брише.

Во ставот (12) кој станува став (9) зборовите: „(1),(2),(4)(5) и (8)“ се заменуваат со зборовите: „(1),(2),(3),(4),(5) и (6)“.

Ставовите (13),(14) и (15) се бришат.

Член 11

Членот 181 се брише.

Член 12

Во членот 188- а ставот (4) се менува и гласи:

„Владата на Република Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги утврдува дејностите и активностите со кои се создаваат емисии на стакленички гасови .“

Ставот (5) се менува и гласи:

„Субјектите кои вршат дејности или активности од став (4) на овој член се должни бараните податоци за емисии на стакленички гасови да ги достават или да ги направат достапни во форма, содржина, образец и во рок определен во прописот утврден во став (8) од овој член“.

Ставот (7) се брише.

Ставовите (8) и (9) стануваат ставови (7) и (8).

Во ставот (10) кој станува став (9) бројот „(4)“ се заменува со бројот „(5)’.

Член 13

Во членот 191 ставот (6) се менува и гласи:

„Националниот план против опустинување од ставот (1) на овој член, се изработува согласно усвоените документи на Секретаријатот на Рамковната конвенција на Обединети нации за борба против опустинувањето.“

Член 14

Во членот 196 во ставот (1) алинејата 6 се менува и гласи:

„има потребно работно искуство во областа на животната средина согласно звањата и категориите на работни места пропишани во Законот за инспекциски надзор,“.

Во ставовите (3) и (4) зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите: „Директорот на Државниот инспекторат за животна средина.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„Овластен инспектор за животна средина може да биде лице кое ги исполнува условите од ставот (1) од овој член и го има потребното работно искуство во областа на животната средина согласно звањата и категориите на работни места пропишани во Законот за инспекциски надзор.“

По ставот (5) се додаваат три нови става (6), (7) и (8) кои гласат:

„(6) За вршење на определени стручни, административни и помошни работи од надлежност на Државниот инспекторат за животна средина се формираат соодветни внатрешни организациони облици.

(7) Внатрешната организација и систематизација на Државниот инспекторат за животна средина ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

(8) Статусот на инспекторот од ставовите (1) и (5) на овој член, се определуваат согласно условите пропишани во Законот за инспекциски надзор.„

Член 15

Во членот 198 став (1) по точката 38) се додава нова точка 38-а) која гласи:

„38-а) да утврди дали е подготвен План за спречување на хаварии и дали е тоа сторено во определениот рок (член 147-а);“.

Член 16

Во членот 198-а ставовите (3) и (4) се бришат.

Во ставот (5) кој станува став (3) зборовите: „ставовите (2) и (4)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (2).“

Член 17

Во членот 199 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Државниот инспектор за животна средина врши и инспекциски надзор согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.“.

Ставот (4) станува став (5).

Член 18

Во членот 201 став (1) по точката 13) се додаваат две нови точки 14) и 15) кои гласат:

„14) да утврди дали е подготвен план за спречување на хаварии во определениот рок и дали операторот го спроведува Планот (член 147-а);

15) да утврди дали е доставен извештај за мерките за безбедност до надлежниот орган во определениот рок (член 148);“.

Точката 14) станува точка 16).

Член 19

Во членот 202 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Овластениот инспектор за животна средина врши и инспекциски надзор согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.“.

Член 20

Во членовите 207 став (3) и 208-а во ставовите (3), (5) и (9) зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите: „Државниот инспекторат за животна средина“.

Член 21

Во членот 212-а став (1) зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите: „Државниот инспекторат за животна средина“.

Ставот (10) се менува и гласи:

„Против одлуката на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.“

Член 22

Во членот 212-ж став (1) по точката 8) се додава нова точка 8-а), која гласи:

„8-а) не е изготвен план за спречување на хаварии со соодветна содржина (член 147-а);.“

Во ставот (6) зборовите: „во времетраење од 30 дена“ се бришат.

Член 23

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

Член 24

Одредбите на членовите 8, 10 и 16 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2016 година.

Одредбите на членот 21 од овој закон, ќе отпочнат да се применуваат од денот на отпочнување на примена на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Одредбите на членовите 17 и 19 од овој закон, ќе отпочнат да се применуваат од денот на отпочнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.mk